БР. 12 година I декември 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА



- **ВЕСТИ**
- **АНАЛИЗА**
  Корупцијата и спортот: Зошто спортот не е имун на корупција?
- **ЈАВНИ НАБАВКИ**
  Слабости и како да се надминат
- **КОРУПЦИЈА**
  Поранешниот хрватски премиер Санадер обвинет за „кумување“ на корумпираната култура

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата “CIVICA Mobilitas” а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

**Центар за граѓански комуникации**
**Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3213 513**
**www.ccc.org.mk**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

“Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

## ВО ОВОЈ БРОЈ

**Две моќни институции, Светската банка и Обединетите нации го искористија Меѓународниот антикорупциски ден, 9 декември, да испратат многу моќни пораки за засилување на глобалната борба против корупцијата.**

Светската банка повика на создавање глобална алијанса за полесно следење на поголемите случаи на корупција, особено на оние кон кои посочувала оваа институција. Банката им изрече забрани на повеќе од 100 фирми и поединци поради измама и корупција и ги отстрани од учества на тендери за договори финансирани со парите на банката. Најпродуктивниот од овие случаи беше оној против германскиот индустриски конгломерат „Сименс“, во јули минатата година. Светската банка го стави „Сименс“ на црната листа на развојните проекти финансирани од неа во рок од две години, а „Сименс“ се согласи да плати 100 милиони долари во период од 15 години, како поддршка на глобалните напори за спречување на измамата и корупцијата.

Генералниот секретар на Обединетите нации Бан Ки-Мун изјави дека корупцијата претставува закана за развојот, за демократијата и за стабилноста. Според него, корупцијата ги нарушува пазарите, го спречува економскиот раст и ги обесхрабрува странските инвестиции. Ги поткопува јавните услуги и довербата во службените лица. Освен тоа, придонесува кон оштетување на животната средина и го загрозува јавното здравје, овозможувајќи нелегално фрлање опасен отпад, како и производство и дистрибуција на фалсификувани лекови.

На Балканот, пак, во тек е еден од најголемите корупциски скандали – приведувањето на довчерашниот хрватски премиер, Санадер. Во овој број ја објавуваме анализата на оваа тема од хрватскиот новинар Горан Јунгвирт, кој наведува дека пред воопшто да стане збор за судење, некои експерти веќе го прогласија поранешниот премиер за виновен за раководење со распространет систем на финансиски услуги, засновани врз разграбување на државниот имот.

Спортот е сè почесто во средиштето на големи корупциски скандали. Се смета дека неговата поврзаност со големи суми пари и со огромна популација го прави привлечен за матни бизниси. Ако пред еден век првиот човек на модерните олимписки игри, Пјер де Кубертен, рекол: „Парите се најголемиот непријател на спортот“, тогаш со право може да се прашаме зошто модерното општество свесно ја жртвува најважната споредна работа во животот на секој човек – спортот. Опширна анализа на тема – спортот и корупцијата има Дамјан Шишковски, правник и спортски работник.

На крајот од ова издание на месечникот, ги објавуваме клучните наоди од мониторингот на јавните набавки за третиот квартал од оваа година, но и препораките за намалување на детектираниот простор за злоупотреби и корупција во трошењето на јавните пари.

Веруваме дека овој предновогодишен број од месечникот нуди корисни содржини за вашиот придонес кон потранспарентно и почесно општество. Воедно, ви ја честитаме Новата 2011 година, ви благодариме што годинава што минува бевте со нас и ви пожелуваме добро здравје, среќа и многу работни успеси во годината што доаѓа.



БР. 12 година I

# МАК

МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА

• 4 ВЕСТИ

• 6 АНАЛИЗА

Корупцијата и спортот: Зошто спортот не е имун на корупција?

• 10 ЈАВНИ НАБАВКИ

Јавни набавки:
Слабости и како да се надминат

• 13 КОРУПЦИЈА

Поранешниот хрватски премиер Санадер обвинет за „кумување“ на корумпираната култура

## СВЕТСКАТА БАНКА ПОВИКУВА НА ПОГОЛЕМА АКЦИЈА ВО БОРБАТА ПРОТИВ МИТОТО

Вашинтон (Ројтерс) – Главното службено лице за антикорупција на Светската банка во понеделникот повика на засилена глобална алијанса за борба против корупцијата, со цел кривично гонење на повеќе прекршители на законот.

Повеќе од 250 борци против корупцијата, вклучувајќи и министри за правда и раководители на агенции против корупција од 134 земји, ќе се состанат во Светска банка на високо ниво, во рамките на Алијансата на ловците на корупцијата, за тоа како да се унапреди борбата против митото.

Во едно интервју, Леонард Мекарти, потпретседателот на Светската банка за интегритет, изјави за „Ројтерс“ дека се надева оти на состанокот ќе се постигне согласност за глобален механизам за следење големи случаи на корупција, со цел повеќе фирми и поединци вмешани во измама или во корупција да понесат одговорност. Ова може да се направи со споделување повеќе информации, спроведување паралелни истраги и со обид да се натераат повеќе земји да усвојат слични антикорупциски практики. „Би сакал да има воспоставено систем за следење на сите поголеми случаи на корупција, вклучувајќи ги и оние кои Светската банка им ги посочува на земјите„, рече Мекарти. „Не постои еден консолидиран начин“, додаде поранешниот директор на јужноафриканската единица за борба со криминалот „Скорпии“, што нанижа успеси против организираниот криминал.

Светската банка изрече забрани на повеќе од 100 фирми и поединци поради измама и корупција и ги отстрани од учества на тендери за договори финансирани со парите на банката. Најпродуктивниот од овие случаи беше оној против германскиот индустриски конгломерат „Сименс“, во јули минатата година. Светската банка го стави „Сименс“ на црната листа на развојните проекти финансирани од неа во рок од две години, а „Сименс“ се согласи да плати 100 милиони долари во период од 15 години како поддршка на глобалните напори за спречување на измамата и корупцијата.

„Сименс“ стави крај на една од најголемите истраги на корпоративна корупција во историјата кога се согласи да плати 1,6 милијарди долари за да ги заклучи истрагите спроведени од американските и германските власти на поткупот што го плаќал со години, за да добие договори.

Мекарти изјави дека на состанокот во рамките на Светската банка, ќе се истражи што треба да се стори со парите од спогодбите кои вклучуваат корупција во мултинационални фирми. Тој повика да се основа меѓународен фонд, кој ќе одлучува како да се распределат парите. „Лично ми се допаѓа идејата за антикорупциски фонд, со што може да имаме фонд кој би бил раководен од еминентен одбор и кој потоа би можел да одлучи кои се каузите што заслужуваат да бидат поддржани“, изјави тој. „Тоа е логичен следен чекор“, додаде Мекарти.



Состанокот ќе вклучи говорници како претседателот на Светска банка, Роберт Зелик, американскиот сенатор Патрик Лихи, претседателот на Судскиот комитет на Сенатот, и Луис Окампо, раководител на Меѓународниот кривичен суд.

Мекарти рече дека во изминативе неколку години, има значајни придобивки во справувањето со корупцијата и од страна на владите, и од институции како Светска банка, но дека е потребно повеќе. Глобалната финансиска криза го потенцираше проблемот на корупцијата во развиените земји, а големата посетеност на состанокот на Светската банка ја нагласи зголемената загриженост за корупцијата, додаде Мекарти.

Преку важен чекор во април, Светската банка и другите развојни банки ги засилија напорите за искоренување на корумпираната употреба на финансиска помош, согласувајќи се дека компаниите и поединците ставени на црната листа во една институција нема да бидат воопшто добредојдени. „Она што се обидуваме да го сториме е да ги натераме сите заедно да речат, видете, имавме интересна и мешана деценија зад нас и ајде да се погрижиме оваа деценија да биде подобра“, додаде тој.

## КОРУПЦИЈАТА Е ЗАКАНА ЗА РАЗВОЈОТ, ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА И ЗА СТАБИЛНОСТА

Акра, 8 декември, ГНА – Генералниот секретар на Обединетите нации Бан Ки-Мун изјави дека корупцијата претставува закана за развојот, за демократијата и за стабилноста. „Ги нарушува пазарите, го спречува економскиот раст и ги обесхрабрува странските инвестиции. Ги поткопува јавните услуги и довербата во службените лица. Освен тоа, придонесува кон оштетување на животната средина и го загрозува јавното здравје, овозможувајќи нелегално фрлање опасен отпад, како и производство и дистрибуција на фалсификувани лекови“, додаде тој.

Бан ја даде оваа забелешка во пораката со која го одбележа годинешниов Меѓународен антикорупциски ден на 9 декември. Таа беше објавена од страна на Информативниот центар на Обединетите нации во Акра до Новинската агенција на Гана.

Конвенцијата против корупцијата на Обединетите нации му помогна на јавниот сектор да оствари напредок во спречување на овие криминални активности. Минатата година, земјите-потписнички на конвенцијата, кои сега бројат 148, воспоставија меѓусебен механизам на ревизија со цел да ги идентификуваат дупките во националните антикорупциски закони и практики – огромно достигнување кое може да им помогне на владите да го запрат земањето мито и проневерувањето на јавните фондови.

Придонесот на приватниот сектор е исто така клучен. Корупцијата дејствува како скриен воздушен напад кој ги зголемува цените и го поткопува квалитетот, без никаква корист за производителите или потрошувачите. Спречувањето на корупцијата има своја бизнис-логика. Сè повеќе инвеститорите ги земаат предвид не само прашањата на животната средина, општеството и доброто однесување при донесувањето одлуки, туку и постоењето солиден етички перформанс.

„Ги повикувам бизнис-лидерите од целиот свет да ја осудат корупцијата и да ги поткрепат нивните зборови со строги забрани против неа. Тие треба да усвојат антикорупциски правила во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации и да ги активираат потребните проверки со цел да ги зајакнат интегритетот и транспарентноста.“ „Исто така ги поттикнувам да соработуваат повеќе со Обединетите нации за ова прашање. Особено треба да размислат за приклучување кон Глобалниот договор на Обединетите нации, најголемата корпоративна одржлива иницијатива на светот, кој ги снабдува учесниците со алатки за борба



против сите форми на корупција, вклучувајќи и изнудување и поткуп“, додаде Бан. „Она на што ги тераме јавните и приватните сектори, и ние тука, во Обединетите нации, мора и самите да го практикуваме. Етичка организациска култура е еден од најдобрите противотрови на корупцијата.“

Канцеларијата за етика на Обединетите нации промовира одговорност, интегритет и транспарентност. Еден сеопфатен правилник ги заштитува вработените од одмазда ако пријават непрописно однесување или ако учествуваат во ревизии и истраги што може да разоткријат неетичко однесување.

Обединетите нации исто така работат врз спречување на корупцијата преку спроведувањето на своите активности, вклучувајќи набавки, преку осигурување индивидуална одговорност, соработување со одговорните лица за спроведување на законите и истражување на сите можни случаи на корупција кои може да се појават.

Со пораката испратена на 8 и 9 декември од седиштето на Обединетите нации во Њујорк, Канцеларијата на Обединетите нации за услуги за внатрешна ревизија би ги споила организациите од целиот свет за конференција насочена кон зајакнување на улогата на внатрешните истраги во борбата против корупцијата. „На овој Меѓународен антикорупциски ден, ајде сите да ја одиграме нашата улога со усвојување етички практики, со штитење на довербата и осигурување да не се пренаменат скапоцените ресурси потребни за нашата заедничка работа за развој и мир“, додаде Бан.

Од Дамјан Шишковски

# КОРУПЦИЈАТА И СПОРТОТ: ЗОШТО СПОРТОТ НЕ Е ИМУН НА КОРУПЦИЈА?

*Спортот е феномен на денешнината. Тој е поврзан со големи хуманистички вредности и ги обликува животите и вредностите на милијарди луѓе. Во минатото поврзуван главно со натпревар, денес спортот е синоним за техника, тактика, брзина, сила, издржливост, координација, стратегија... Но, и за валкани бизниси, допинг, корупција и насилство. Спортот привлекува коруптивни активности бидејќи е поврзан со големи суми пари и огромна популација. Корупцијата во спортот треба да биде предмет на загриженост, не на песимизам. Тука не говориме за намалување на спортските вредности, туку се соочуваме со нов предизвик – борба против корупцијата во спортот. Предизвикот е поголем доколку прашањето на корупција во спортот сè уште не се третира правилно.*




Корупцијата во спортот претставува глобален проблем. Уште при самото дефинирање на корупцијата се сретнуваат проблеми, можеби затоа што постојат бројни дефиниции за корупцијата или, пак, не се сретнуваат никакви дефиниции. Ако пред еден век првиот човек на модерните олимписки игри, Пјер де Кубертен, рекол: „Парите се најголемиот непријател на спортот“, тогаш со право може да се прашаме зошто модерното општество свесно ја жртвува најважната споредна работа во животот на секој човек – спортот.

Како и другите сфери од животот, и спортот не остана имун на корупцијата, па во последно време сè почесто се етикетираат поединци, спортисти, институции и клубови како главни виновници за овој проблем, најчесто во врвниот спорт, кој се претвора во чист бизнис-интерес.

Постојат повеќе причини кои влијаат врз развојот на корупцијата во спортот денес. Сепак, најважни се: медиумската експонираност на спортот; политичката инволвираност во спортот; недоволната транспарентност во трансферите на професионални играчи; недоволната транспарентност за употребата на буџетските средства на спортските клубови; местењето спортски натпревари; допингот; спортските обложувалници и изборите во спортските тела (федерации, клубови, управни одбори и сл.),

### Местење натпревари

Местењето натпревари е чест проблем во многу спортови, како што се фудбалот, тенисот, кошарката, одбојката и др. И причините се многубројни. Повеќето од нив најчесто се поврзуваат со обложувањето, законски или незаконски. Во вакви случаи, местењето натпревари е поврзано со финансиска добивка, и тоа на организирани групи, а може дури и директно да се зборува за врски со организираниот криминал.

Местењето на натпреварите може да се случи во директна поврзаност со „спортскиот“ живот. Натпревари може да се местат со цел да се добие подобра позиција во спортското натпреварување, а тоа често се јавува во случаи кога клубот е во опасност да падне во пониска лига. Додека видливата причина во овие ситуации е од чиста „спортска природа“,зад ова сепак стојат финансиите – останувањето во повисоката лига може да генерира повисок приход за клубот и неговите сопственици (ТВ-права, подобра вредност за играчите).

### Случај: Местење натпревари во германската фудбалска лига

Германскиот национален судија Роберт Хојзер призна местење натпревари во 2003 и во 2004 година. 25-годишниот Хојзер), наводно добил 50 000 евра и плазма-телевизор за местење на четири натпревари, односно измислување казни и исклучување играч кој ќе се пожали на одлуката. Берлинскиот државен суд го обвинил судијата Хојзер за измама и го осудил на 29 месеци затвор.

Хојзер дејствувал во име на тројца браќа од Хрватска, кои му платиле за тоа дејствие. Мозокот на измамата, Анте Сапина, беше обвинет за измама и осуден на 35 месеци затвор за местење и обид за местење фудбалски натпревари. Тој започна да ја издржува својата затворска казна во мај 2007 година. На неговите браќа Милан и Филип исто така им беа изречени казни. Со из-

мамата заработиле најмалку 2 милиони евра. Роберт Хојзер почна да соработува со властите. Како резултат на оваа соработка, берлинското обвинителството води истрага за 25 луѓе, меѓу кои четворица судии и 14 играчи, за можна измама. Германската фудбалска федерација (DFB) го тужеше Хојзер и бара надомест за штетата причинета на целиот германски фудбал, која достигнува 1,8 милиони евра. Надвор од судот Хојзер се согласи на федерацијата да ѝ исплатува месечен износ од 700 евра во период од 15 години, како компензација за нанесената штета на федерација, настаната поради местење натпревари.

### *Случај: Тенис*

Спортската обложувалница Betfair поништи 7 милиони долари уплатени за поразот на четврторангираниот Николај Давиденко во мечот одигран во Полска против 80 места пониско рангираниот Мартин Васаро Аргуело. Како што течеше натпреварот, повеќе уплати беа ставани за Давиденко да го загуби мечот, иако првиот сет му припадна нему. Давиденко го предаде мечот, изјавувајќи дека се работи за повреда на ногата. По ова, Betfair излезе со став дека Давиденко негирал дека сторил нешто лошо.
Белгискиот играч Жил Елснер изјави дека му биле понудени, но тој одбил повеќе од 100 000 долари да го загуби мечот од првото коло против Потито Стараце од Италија, на Вимблдон во 2005 година. Пет играчи, сите Италијанци, се казнети или суспендирани поради обложување на тенис.
По овие случувања, беше воспоставена независна комисија за да испита можна корупција.
Независната комисија, во мај 2008 година, донесе заклучок дека 45 професионални тениски натпревари од вкупно 73 разгледани во изминатите пет години бараат понатамошно разгледување поради сомнителни обложувања.

### *Случај: Кошарка*

Признанието за обложување на натпревари на Тим Донахју, поранешен судија на НБА, доведе до тоа НБА-лигата да ја промени својата политика, а тој да биде осуден на 15 месеци затвор.
По овој скандал, интегритетот на НБА-лигата дојде во прашање, па така комесарот Дејвид Штерн презеде чекори за да докаже дека обложувањето помеѓу судиите не е неконтролирано, назначувајќи го поранешниот сојузен обвинител Лоренс Педовиц да истражува околу обложувањето на судиите.

### *Управување на меѓународни спортски федерации*

Меѓународните спортски федерации, со нивното огромно богатство и ограничена надворешна контрола, се од особено висок ризик за корупција. Корупцијата може да има различна форма, од едноставна злоупотреба или проневера на средства на федерацијата, преку корупција во врска со медиумските права до корупција на членови на федерацијата.
Случајот на Рубен Акоста, поранешен претседател на Одбојкарската федерација, претставува многу добар пример за тешкотиите во врска со можната корупција во спортот.

### *Случај: Одбојка*

Рубен Акоста се повлекува од функцијата претседател во мај 2008 година, по 24 години како претседател на Меѓународната одбојкарска федерација. Неговите поранешни колеги го обвинија за корупција. Меѓу обвинувањата беше и обвинението поврзано со Шампионатот во Аргентина 2002 година, за дискрепанца помеѓу средствата уплатени за Федерацијата од страна на Меѓународниот олимписки комитет и висината на овие средства ажурирани во сметководствениот систем на Одбојкарската федерација.
Пред две години, швајцарскиот суд го ослободи Акоста од обвиненијата во врска со спонзорствата и зделките поврзани со телевизиските реклами.
Сепак, за него се поведе истрага од страна на Комисијата за етика на Меѓународниот олимписки комитет. Акоста поднесе оставка од членството во МОК во 2004 година.

### *Случај: Теквондо*

Во 2004 години, шефот на светското Теквондо Ким Ун – Јонг поднесе оставка од функцијата на којашто беше цели три децении. Тој беше обвинет за проневера на пари од светската Теквондо-федерација. Како член и заменик-претседател на Меѓународниот олимписки комитет (МОК), тој исто така беше осомничен за земање пари од бизнисмени на кои им ветил дека ќе добијат членство во Корејскиот олимписки комитет. Кога тој веќе беше суспендиран во 2005 година, Меѓународниот олимписки комитет препорача негово исклучување од организацијата. Во мај истата година, Ун – Јонг поднесе оставка од неговата позиција и изјави дека не се чувствува виновен, непосредно пред да се гласа за неговото исклучување.

## *Добивање подобри спортски резултати*

### *Случај: Уметничко лизгање*

Огромен судиски скандал се случил за време на уметничко лизгање во двојки на Зимските олимписки игри во 2002 година. Канадската двојка одлизгала без грешка и се очекувало, како од страна на публиката, така и на коментаторите, дека ќе победи, бидејќи руската двојка направила ситни грешки. На огромно изненадување, Канаѓаните биле второпласирани, со само четири гласа од судиите, споредено со петте гласа за Русите кои го освоиле првото место. Една од судиите, Л Гуњ од Франција, наскоро призна дека таа била принудена да гласа за Русите, а во замена за тоа, рускиот судија ќе гласал за францускиот лизгач кој подоцна на Олимписките игри требало да се натпреварува во танц. Како резултат на контроверзноста, на Канаѓаните им бил доделен златен медал, наместо сребрен. Францускиот судија и шефот на Француската лизгачка федерација биле суспендирани на три години. Изразот „француски судија" стана вообичаено да се користи како израз за мамење и корупција, дури и надвор од рамките на уметничкото лизгање.

## *Корупција со цел да се биде домаќин на игрите*

### *Случај: Олимписки игри во Солт Лејк Сити*

Многу членови на МОК (Меѓународниот олимписки комитет) прифатиле мито од официјалните лица од Солт Лејк Сити, кои на тој начин се обиделе да ги убедат да гласаат за градот да биде домаќин на Зимските олимписки игри. Градот и претходно се обидел да биде домаќин на Олимписките игри, но без успех. На членовите на МОК им биле давани подароци, им биле исплатувани стипендии, им биле обезбедувани ски-патувања, автомобилски поправки и слично. Во 1995 година, градот беше навистина избран да биде домаќин на Олимписките игри во 2002 година. Скандалот избувна во1998 година, кога член на МОК информирал за поткупот: „Иако ништо незаконски не беше направено, се чувствуваше дека прифаќањето на даровите е морално неприфатливо". По изјавата, донесени се построги правила во врска со тоа што и колку би можеле членовите да прифатат од градовите кандидати. Неколку членови на МОК биле протерани или поднеле оставка, а неколкумина други биле санкционирани.

## *Аферата „глас за пари"*

ФИФА отвори истрага како одговор на написот објавен во списанието „Сандеј тајмс". Во написот пишува дека одредени членови на ФИФА побарале пари во замена за нивните гласови, што е нелегално. „Сандеј тајмс" сними средба меѓу Амос Адаму (кој е член на Извршниот комитет на ФИФА) и двајцата новинари кои се претставиле како припадници на Конзорциумот на САД, на која тој им бара сума од 800 илјади долари. Целта на парите (според Адаму) е да се изградат четири вештачки терени во Нигерија, и САД ќе го добие првиот глас за 2018 година и вториот за 2022 година. Рејналд Темани (кој е претседател на Фудбалската конфедерација на Океанија) побарал 2,3 милиони долари за финансирање фудбалска академија во Окленд, Нов Зеланд. Тој исто така рекол дека претставници на двете земји кандидати побарале од 10 до 12 милиони долари. Лажниот новинар ги запрашал Амаду Диаките (член на судиската комисија на ФИФА) и Слим Алоулоу (член на комитет за разрешување на споровите) колку пари треба да понуди, а нивниот одговор бил: 1 милион долари. Адаму и Темани беа недостапни за какви било коментари и не одговорија на ниедно барање за интервју. Претседателот на ФИФА Сеп Блатер објави писмо што го напиша до 24-цата членови на Извршниот комитет на ФИФА. Во писмото, Блатер објави извинување за скандалот што ја зафати ФИФА поради откритијата од „Сандеј тајмс" дека Амос Адаму и Рејналд Темани биле вклучени во продажба на нивните гласови. Тој нагласи на колку негативен начин влијаеше овој скандал врз организацијата и процесот на гласање. Блатер, исто така, нареди брза непосредна страга во соработка со Етичкиот комитет и генералниот секретар. Тој го затвори писмото со барање до членовите на Извршниот комитет да не даваат никакви коментари во јавноста. Амос Адаму ја поздрави истрага на ФИФА и изјави: „Етичката комисија ќе ги испита наводите и јас сум многу среќен поради тоа, бидејќи ова ќе овозможи целиот свет да ја дознае вистината на предметот." Амос Адаму и Рејналд Темани, двајцата членови на извршниот комитет на ФИФА, беа суспендирани од страна на организацијата на 30 дена и им беше забрането да гласаат на 2 декември за кандидатурите за домаќин на СП 2018 и СП 2022 година.

## *Обвинение на Би-Би-Си во својата програма „Панорама"*

„Три официјални лица на Светската фудбалска асоцијација (ФИФА) кои ќе гласаат за кандидатурите за домаќин на СП 2018 и СП 2022 година примале мито во деведесеттите години од

минатиот век“. Ваквата шокантна информација ја лиферуваше британската ТВ-куќа Би-Би-Си, во својата програма насловена како „Панорама“. Парагваецот Николас Леоз, Камерунецот Иса Хајату и Бразилецот Рикардо Тешеира земале пари од маркетинг-агенција која ги поседува вносните ТВ-права за мундијалските натпревари. Наводното мито и корупција се посочени во доверлив документ, во кој се наведени 175 исплати во вкупна сума од 100 милиони американски долари (64 милиони фунти). Споменатите три лица не се произнесоа по обвинувањата на нивна адреса објавени од Би-Би-Си. И ФИФА ги одби барањата за интервју во врска со овие обвинувања. Во својата програма „Панорама“, Би-Би-Си објави докази и за четврти претставник на ФИФА вмешан во продажба на билети за натпревари за светските првенства на улични препродавачи. Би-Би-Си беше критикуван поради тајмингот на програмата емитувана пред претстоечкото гласање за домаќини на СП 2018 и СП 2022, што се одржуваше на 2 декември. Во игра за добивање на организацијата на Мундијалот во 2018 година се посебните кандидатури на Англија и Русија, наспроти заедничките на Шпанија и Португалија и Холандија и Белгија. Телевизиската куќа, пак, застана во одбрана на својата програма, велејќи дека таа е од јавен интерес, иако Енди Енсон, првиот човек на англиската кандидатура, за Би-Би-Си изјави дека е „разочаран од тајмингот на програмата“. Тој додаде дека членовите на Извршниот комитет на ФИФА тесно соработуваат и „нормално е дека ако еден од нив биде повреден, тоа ќе го почувствуваат и другите. Таков е животот“. Целокупниот тим кој работи на кандидатурата на Англија за добивање на СП 2018 излезе со соопштение во кое вели дека програмата е „срам“ за Би-Би-Си.

„Остануваме на нашиот претходен став дека ‚Панорама‘ на Би-Би-Си не направи ништо повеќе освен што ги извалка историски изјави и тврдења и ниту една од нив не е релевантна за сегашниот процес на кандидирање. Тоа треба да се смета како срам за Би-Би-Си. Тимот кој работи на кандидатурата за СП 2018 година е целосно фокусиран врз исполнување на мисијата“, се вели во соопштението.

Наводната корупција на тројцата членови на Извршниот комитет на ФИФА била извршена од маркетинг-агенцијата International Sport and Leisure (ИСЛ) и се одвивала во периодот од 1989 до 1999 година. Споменатата компанија пропадна во 2001 година.

ФИФА ѝ ги доделила ексклузивните права на ИСЛ за рекламирање на завршните турнири на некои од најголемите светски брендови, за што компанијата наплатила милионски суми во преговорите за телевизиските права.

Роланд Бухел, поранешен менаџер во ИСЛ, изјави дека вработените долго време се сомневале дека се исплаќа мито за вносните договори со ФИФА. „Станува збор за огромни суми пари, милијарди што може да се заработат, а ги посакуваат сите маркетинг-агенции кои се натпреваруваат за нив“, вели Бухел.

Критичарите на ФИФА заговараат дека е потребно да се спроведе целосна истрага во врска со ваквите обвинувања. „Не можам да не мислам дека ќе биде подобро за Англија да инсистира на реформи во ФИФА, што ќе направат организацијата да биде потранспарентна и поодговорна, наместо да ѝ се покоруваат со цел да ја добијат организацијата на СП“, рече Дејвид Мелор, поранешен претседател на работното тело за фудбал во владата на Тони Блер.

### *Што да се направи за да се спречи ова?*

Аналитичарите на корупцијата во спортот ги наведуваат следниве чекори што треба да се преземат за да се спречи нејзиното натамошно зголемување:

- Признавање на проблемот и дискусија за него;
- Едукација, обука и давање насоки;
- Строга примена на постоечките закони;
- Промовирање на транспарентноста;
- Создавање независни комисии помеѓу строгата организациска автономија во спортот и силната владина интервенција;
- Создавање постојан форум за дискусија и координација на корупцијата во спортот и
- Поддршка на конкретни мерки во различни спортови.

Постојат бројни случаи на корупција во спортот, но исто така и многу акции и обиди за нејзино спречување. Многу експерти потенцираат дека спортот не е корумпиран во целост, туку е цел на криминални групи и банди. Поврзаноста со огромни суми пари, од една страна, и автономијата и борбата за власт, од друга страна, се можеби најсериозните закани за спортот. Но, можностите за корупција и слабостите во системот кои придонесуваат кон неа можат да бидат елиминирани. Предуслов за ефективна превенција е самото признание на овој проблем, темелна и систематска анализа и предлог на превентивни мерки и итна координирана акција на меѓународно ниво за спречување на корупцијата во спортот.



# ЈАВНИ НАБАВКИ: СЛАБОСТИ И КАКО ДА СЕ НАДМИНАТ

Центарот за граѓански комуникации, од ноември 2008 година наваму, континуирано го анализира спроведувањето на процесот на јавни набавки во РМ за да оцени дали и колку функционираат основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства кај набавките.

Анализата се прави врз основа на мониторинг на случајно избрани постапки за јавни набавки (по 40 на секое тримесечје). Мониторингот започнува од објавите на повиците во „Службен весник", преку присуство на јавните отворања, до собирање податоци за текот на постапката преку длабински интервјуа и структурирани прашалници кои им се доставуваат на економските оператори, како и од податоците собрани од договорните органи преку барања за пристап до информации од јавен карактер.

Анализата во овој извештај е направена врз основа на мониторинг на избран примерок од 40 постапки на договорни органи на централно ниво и на локално ниво, чиешто јавно отворање на понудите се одвиваше во периодот од јули до септември 2010 година.

Во секој квартален период, заедно со извештајот и наодите од мониторингот на постапките за јавни набавки, аналитички се обработуваат и други прашања поврзани со јавните набавки. Така, во овој квартален извештај се поместени и компаративни анализи на законските решенија во сферата на јавните набавки во земјите од опкружувањето, во однос на обезбедувањето на правото на увид на економските оператори во тендерските документации, како и на предвидените санкции за договорните органи поради непочитување на законските одредби.

## КЛУЧНИ НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ

- **Економските оператори не можат да го остварат правото на увид во документацијата од постапките за јавни набавки во кои учествувале.** Со оневозможувањето на увид во документацијата за спроведените постапки за јавни набавки, само се зголемува впечатокот на компаниите дека постапката не обезбедила фер натпревар и дека нивниот сомнеж за нерегуларности е оправдан.
- **Трендот на намалувања на конкуренцијата во постапките за јавни набавки продолжува.** Во дури 47,5% од мониторираните тендери во периодот јули-септември 2010 година, понуди доставиле само 1 или 2 компании. Ова укажува дека во јавните набавки постојат проблеми кои оневозможуваат ефикасен натпревар помеѓу добавувачите.
- **Поништени се 22,5% од мониторираните постапки. Од 2008 до 2010 година за 2 ипол пати е зголемен уделот на поништени тендери во вкупно спроведените.** Во дел од постапките,

одлуките за поништување се донесувани од два до пет месеци по отворањето на понудите, што остава сомнеж за одредени калкулации или можни влијанија врз одлуките.

- **Дел од договорните органи не го почитуваат новововедениот законски рок за донесување одлука за избор на најповолна понуда.** Брзината на спроведување на тендерите и натаму произволно ја диктираат самите договорни органи.
- **Договорните органи нема да успеат да го исполнат законски предвидениот минимум за годинава – за 30% од набавките да спроведат електронска аукција, како ефикасен механизам за заштеда на јавните пари.** Заклучно со септември годинава, договорните органи успеале со електронска аукција да завршат само 11,6 % од објавените огласи за јавни набавки.
- **Трендот на пораст на договорите склучени без објавување оглас продолжува.** Во периодот јули-септември годинава, преку овој нетранспарентен начин на склучување договори се потрошија 574 милиони денари (9,3 милиони евра), што е за 14% повеќе од истиот период минатата година.
- **Голем дел од договорните органи повеќе ги ценат подолгите рокови за плаќање на набавките, отколку квалитетот на купените производи и услуги.** Продолжува зачестеното користење на елементот ‚рок на плаќање', што ги принудува фирмите да нудат рокови на наплата на фактурите од договорите за јавни набавки и до 300 дена.
- **Техничките спецификации се користат за фаворизирање на одреден понудувач.** Спротивно на членот 36 од Законот за јавни набавки, и во овој период економските оператори упатуваа на технички спецификации кои, според нив, биле приспособувани на одредени понудувачи, со што се нарушува принципот на еднаков третман и недискриминација на понудувачите.



# ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

- Да се прекине со практиката на оневозможување на увидот во списите од постапките за јавни набавки, со што се доведува во прашање еден од основните начела на Законот за јавни набавки – транспарентноста. Бирото за јавни набавки да изготви мислење кое ќе го достави до сите договорни органи и во кое ќе им укаже на нивната обврска да им овозможуваат увид на компаниите во документацијата. ДКЖЈН доследно да го почитува членот 223 од Законот за јавни набавки, кој децидно го гарантира правото на увид во документацијата во жалбена постапка. Долгорочно, со цел да се избегнат нејасностите во остварувањето на правото на увид, во Законот за јавните набавки да се вгради попрецизна одредба во однос на ова прашање, со што ќе се надминат различните толкувања во практиката. Воедно ќе треба да се пропише и санкција за договорните органи кои нема да го почитуваат правото на увид на учесниците во постапката за јавни набавки.
- Бирото за јавни набавки треба да спроведе посеопфатна анализа на конкуренцијата во постапките за јавни набавки и да дејствува во насока на ограничување на можностите договорните органи да ги користат критериумите за квалификување на учесниците како механизам за дискриминација и за фаворизирање на одредени понудувачи.

- Бидејќи големиот број поништени постапки создава сериозно сомневање за злоупотреба на законските можности поради нереализирани очекувања за избор на фаворизирана понуда, ваквите појави треба да бидат сигнал за надлежните институции, особено за Бирото за јавни набавки, да иницираат измени на Законот за јавни набавки во насока на ограничување и строго дефинирање на можностите за поништување на постапките, вклучувајќи и санкционирање во случаите на злоупотреба, со што би се операционализирале и пропишаните законски принципи на ефикасност и рационалност кај јавните набавки.
- Воведување санкции за непочитување на крајните рокови за донесување одлука за избор на најповолна понуда. На потребата од вакви законски интервенции упатува не само однесувањето на договорните органи, туку и искуството на другите европски земји.
- Континуираното непочитување на законската обврска за користење на е-аукцијата треба сериозно да ги загрижи надлежните институции, особено Бирото за јавни набавки, и да поттикне иницирање на измени и дополнувања на Законот за јавни набавки заради предвидување санкции поради кршење на законот. Поради малата примена на системот за спроведување на електронски постапки, Бирото за јавни набавки треба да определи законски минимум и за нив. На овој начин, примената на ЕСЈН нема да зависи од волјата на договорните органи, која е очигледно мала, и покрај предностите на овој систем.
- Договорните органи да не користат во критериумот ‚економски најповолна понуда' манипулативни елементи кои одат во насока на фаворизирање на одделни понудувачи и дискриминација на другите. Кога се користи критериумот ‚квалитет', тогаш договорниот орган задолжително треба уште во самиот оглас да ги наведе поткритериумите или детално да го разработи начинот на кој ќе се врши неговото бодување. Во овој контекст, препорачуваме Бирото за јавни набавки да изработи препораки и насоки за договорните органи заради усогласено и прецизно дефинирање на критериумите и нивна доследна примена.
- Потребно е охрабрување на економските оператори да доставуваат жалби до ДКЖЈН секогаш кога ќе констатираат дека техничките спецификации упатуваат на конкретен производ или понудувач. Сега ова не се практикува и вистинска реткост е компаниите да доставуваат жалби за спорни тендерски документации.
- Поради овој тренд на пораст на вредноста на непосредните спогодби, БЈН треба да воспостави механизам за нивно следење. Воедно, неопходно е да се изврши анализа на опфатноста, законската целесообразност, транспарентноста и конкурентноста и, ако се оцени дека тоа е опортуно, да предложи намалување на флексибилноста за користење на постапките со преговарање без објавување оглас.
- Игнорантскиот однос на договорните органи кон оваа законска обврска, како и немоќта на надлежните институции да ги подобрат ваквите состојби, ја наметнува потребата од воведување санкции за повреда на оваа законска одредба.
- Различниот однос на договорните органи кон побараната документација за учество на тендерите секако може да се толкува како сè уште недоволно познавање на Законот за јавни набавки. Ова е проблем што треба да се надмине со натамошни обуки и дистрибуција на едукативен материјал, со што ќе се стесни можноста договорните органи понекогаш и свесно да им го скратуваат ова право на компаниите.
- Бројот на објавени тендерски документации на ЕСЈН и на тендерски документации за чиешто подигнување не се наплаќа надомест треба да се зголемува. БЈН и натаму да ги контролира, да им укажува и да ги спречува оние договорни органи кои сакаат да наплатат високи суми за надомест за тендерската документација, што не кореспондира со реалните трошоци.
- Банкарската гаранција да не се поставува како формален услов за учество во секоја постапка за јавна набавка, а во случаите кога се бара гаранција, да се настојува таа да се утврди во помала вредност од законски утврдениот максимум до 3%.

Од Горан Јунгвирт



# ПОРАНЕШНИОТ ХРВАТСКИ ПРЕМИЕР САНАДЕР ОБВИНЕТ ЗА „КУМУВАЊЕ“ НА КОРУМПИРАНАТА КУЛТУРА

Пред воопшто да стане збор за судење, некои експерти веќе го прогласија поранешниот премиер за виновен за раководење со распространет систем на финансиски услуги, засновани врз разграбување на државниот имот.

Додека хрватските судови се подготвуваат да одлучат дали поранешниот премиер Иво Санадер е виновен за корупција, некои искусни политички аналитичари веќе го опишуваат како човекот најодговорен за создавање на механизмите што го олесниија нелегалното изнесување пари од државата.

„Корупцијата беше присутна и пред Санадер, и ќе продолжи да биде присутна и по него, но тој е оној кој го воспостави системот на сопствено и партиско финансирање преку извлекување пари од компании и оддели во државна сопственост“, изјави Златко Пуховски, поранешен претседател на хрватскиот Хелсиншки комитет, а сега професор по филозофија во Загреб.

Пуховски изјави за Balkan Insight дека, додека судството продолжува со своите истраги на криминалната корупција, кога станува збор за прашањето на политичка одговорност, „сè е веќе јасно, бидејќи никој на повисока функција од Санадер не беше замешан во работата.“

Санадер беше уапсен во Австрија на 10 декември, по меѓународна потерница издадена од Хрватска.

Агенцијата за антикорупција на земјата, УСКОК, сака да го испраша во врска со финансиските злоупотреби поврзани со агенцијата за маркетинг „Фими Медиа“ и во врска со нелегалната продажба на електрична енергија од компанијата за струја во државна сопственост, ХЕП, на петрохемиската компанија „Диоки“.

Санадер беше изведен пред истражен судија во Салцбург во неделата, кога се изјасни за невин по наводите за злоупотреба на функцијата.

Хрватските судски тела се сомневаат дека за време на неговиот мандат како премиер од 2004 до 2009 година, владини оддели, вклучувајќи министерства и државни оддели, ѝ исплаќале на „Фими Медиа“ големи суми за непостоечки услуги.

Парите завршувале на приватни банкарски сметки, меѓу другите и на сметката на Младен Баришиќ, поранешен директор на хрватската царина и благајник на владејачката Хрватска демократска унија, ХДЗ, која Санадер ја предводеше порано.

Баришиќ беше ставен во притвор на почетокот на октомври. Тој чека судење откако загрепскиот Окружен суд го ослободи од притвор на 22 октомври, објавувајќи дека се одлучил на тоа откако обвинетиот се изјаснил за виновен за кривичните дела за кои се сомничи.

Адвокатот на Санадер во Виена, Вернер Супан, во неделата изјави дека не било дискутирано за екстрадиција во Салцбург; според австрискиот закон, екстрадицијата е единствено можна по второто сослушување, кое ќе се одржи по 14 дена.

Супан изјави дека неговиот клиент сака да соработува со хрватските власти. Тој тврдеше дека Санадер не избегал, иако ја напушти Хрватска непосредно пред полицијата да издаде налог за неговото апсење, утрото пред парламентот да му го одземе имунитетот за кривично гонење.

Санадер отстапи од премиерската и од раководната функција на ХДЗ во јули 2009 година, исчезнувајќи драматично од политичката сцена.

По неуспешниот обид да ја симне од функцијата неговата наследничка, Јадранка Косор, тој ѝ се врати на политиката во октомври како пратеник во парламентот. Потегот предизвика шпекулации дека стравот од кривично гонење е причината што го вратила назад.

Во неделата, Динко Цвитан, раководител на Канцеларијата за спречување на корупцијата и организираниот криминал, УСКОК, изјави дека пред формално да се обвини Санадер, ќе треба да се интервјуираат околу 100 сведоци додека експертите ги истражуваат финансиските работи.

Ако се подигне обвинение и Санадер се прогласи за виновен, тој би можел да се соочи со максимална затворска казна од 15 години, објасни Цвитан. Водечките фигури во владејачката ХДЗ неодамна беа во фокусот на неколку истраги за корупција.

На 6 декември, поранешниот министер за одбрана Берислав Рончевиќ, кој беше во владата на Санадер, беше обвинет за корупција и осуден на 4 години затвор.

Претходно, во октомври, загрепскиот Окружен суд го осуди поранешниот заменик премиер и министер за економија, Дамир Поланчец, на 15 месеци затвор за исплаќање на адвокатот Петар Милетиќ сума од половина милион куни (70 000 евра) од државниот буџет, за нешто што судовите проценија дека било „непотребна експертска студија“. Тој поднесе жалба.

Поланчец се соочува со дополнителни обвиненија за ненаменско трошење државни фондови, вклучувајќи 230 000 куни (30 000 евра) потрошени на инсталирање осветлување на фудбалско игралиште во неговиот роден град Џелековец.

Тој исто така беше наведен во врска со случај на измама со многу поголема сума, од 400 милиони куни (54 милиони евра), во кој е вклучена компанијата за храна „Подравка“.

Понатаму, тој беше наведен и во врска со истрагата во компанијата за струја, ХЕП.

Заедно со поранешениот директор на ХЕП, Иван Мравак, како и со поранешниот раководител на фабриката за лесни метали од Шибеник, Иван Костан, Поланчец се сомничи за проневерување на 600 милиони куни од ХЕП.

Корупцијата на високо ниво, главната пречка на надежите на Загреб за приклучување кон Европската Унија, главно се припишува на недостигот на култура на политичка одговорност во Хрватска, земја која е сè уште во процес на транзиција, 20 години по добивањето независност од Југославија.

Фактот што многу големи компании, особено во енергетскиот сектор, се сè уште во државна сопственост, направи да биде прилично лесно функционерите да ги злоупотребуваат нивните фондови, без да привлечат внимание.

Пуховски вели дека корупцијата се влошила во Хрватска по 2004 година, кога владејачката ХДЗ во голема мера ја напушти нејзината поранешна националистичка платформа во замена за политиката на обновување на односите и на соработката со Европската Унија, разочарувајќи многумина од најверните поддржувачи на партијата.

Како лидер на опозицијата од 2000 до 2004 година, кога на власт беше централно-левичарската опција, Санадер инсистираше дека нема да дозволи хрватските генерали да се соочат со кривично гонење за наводни криминални активности, извршени во војната за независност против српските и југословенските сили меѓу 1991 и 1995 година. Сепак, штом стапи на функцијата, тој ретерираше.

„Санадер победи на изборите во 2004 со националистичка платформа и тој требаше да им се оддолжи на неговите поддржувачи откако се свртe кон Европската Унија“, рече Пуховски.

Давор Џенеро, независен политички аналитичар, исто така верува дека Санадер употребил систем на корупција и услуги за да компензира за напуштањето на национализмот.

„ХДЗ сноси најголема одговорност за создавање на овој модел на корупција, но ни другите (политички партии) не се невини“, наведува Џенеро.

„Хрватска мора да воспостави јасни правни правила за контрола на парите за политичките кампањи, така што на ова извлекување државни пари ќе може да му се стави крај еднаш засекогаш“, рече тој.



„Не смееме да ја пропуштиме сегашната можност да воспоставиме механизми кои ќе спречат нешто слично повторно да се случи.“

Покрај посилно, понезависно судство, на земјата ѝ се потребни енергични медиуми, подобро информирана јавност и култура на нулта толеранција кон корупцијата, додаде тој.

„Во Хрватска го немавме тоа, така што имавме ситуација на апсолутно корумпирана влада“, заклучува Ценеро. Во иднина, оние кои ќе ги преземат уздите во владата, „ќе мора да бидат свесни дека моќта не е апсолутна.“

Бошко Пикула, политички аналитичар и професор по политички науки на Загрепскиот универзитет, изјави дека Хрватска страда од култура на „целосна неодговорност кон гласачите и граѓаните“ во делот на нејзината политичка класа.

„Изборите им дадоа можност за неограничено владеење... победниците ја третираа власта како подарок кој го добиваат на четири години“, додаде тој.

Пикула ја спореди актуелната ситуација во Хрватска со онаа во Италија во раните деведесетти, „кога целокупната политичка елита беше искоренета од политичката сцена по корупциските скандали.“

Пикула изјави дека сега очекува формирање нови политички идеи и партии во Хрватска, кои ќе функционираат според новото сознание дека власта не е работа „на привилегии, туку на одговорности“.

Според Пикула, Санадер не само што извлекувал пари за негова сопствена употреба, за ХДЗ и за нејзините повисоки функционери, туку и за цели делови од општеството, како државните службеници.

Истовремено, тој дозволи да се натрупаат странските долгови. Според некои експерти, како и според националната банка, ХНБ, нивото на странски долгови ќе достигне 100 проценти од бруто домашниот производ оваа година.

„За време на изборната кампања во 2007, Санадер ја доби поддршката на многу луѓе според овој модел (на неодговорно трошење), и тука исто така лежи неговата политичка одговорност, без оглед на последните наводи за корупција“, завршува Пикола.

## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија, преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.